## НЕРЕЗИ

*(Манастир)*

Заборавени мегдани
Од зелено и сино
Заборавени игри и чудесии
Заборавени искри
Од сјајот и мракот
Заборавени меки покривки
Заборавено езеро на небото
Заборавено дно на езерото

Заборавени бои и мистрии
Заборавени ангели-мајстори
Заборавени кули и чардаци
Заборавени ѕвонци и конаци
Заборавени зурли и тапани
Заборавени булки и зумбули

Заборавено време
Молкум изодено

Осветлено.
Засводено.

### БИОГРАФИЈА

**Михаил Ренџов** е роден во 1936, Штип. Дипломирал правни науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Работи во Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Објавил повеќе книги поезија, меѓу кои: *Иселеник на огинот* (1965); *Ноќно растење на зборот* (1967); *Каде од оваа страна* (1968); *На работ од сонот* (1972); *Страв* (1976); *Полноќ* (1979); *Нерези* (1982); *Аутодафе* (1985); *Феникс* (сонети, 1987) *Земја, потоп, Тој* (поема, 1993); *Шпил 33* (1994), *Вечната бесконечната* (1996), *Јас оксиморон* (1998), *Ангела сонува* (поезија за деца, 1998), *Псалми* (2000), *Апокалипса* (драмска поема, 2002), *Раскази за Захариј* (раскази, 2004).

Го препеал на македонски јазик епот за Гилгамеш. Добитник е на повеќе значајни национални награди за поезија, меѓу кои: „Браќа Миладиновци“, „11 Октомври“, „Григор Прличев“, „Ацо Шопов“, „Рациново признание“, „Grand prix international“ за севкупното творештво во Романија, и др. Преведуван е на повеќе светски јазици. Член е на Македонскиот ПЕН центар и член е на Друштвото на писателите на Македонија.